**Почитуван акад. Стефан Воденичаров, почитувани академици,**
**Дами и Господа, драги пријатели,**

Дозволете ми најпрвин да Ве поздравам од името на МАНУ и да го изразам моето огромно задоволство што денес, овде, во просториите на БАН, го промовираме Зборникот “Модернизмот во бугарската и македонската литература“, објавен на бугарски и македонски јазик, а којшто е резултат на меѓуакадемиската научна соработка МАНУ - БАН. Фактички, ова е првиот целосно реализиран Проект од вкупно 32 заеднички научни проекти, кои оваа година влегуваат во завршна фаза. Во оваа пригода сакам посебно да им честитам на раководителите на Проектот акад. Милан Ѓурчинов и доц. д-р Александар Јорданов, и на нивните соработници, автори на прилозите, за успешната работа и експедитивноста во реализација на проектната задача.

Задоволството е големо и двострано, затоа што за релативно краток период во научната и уметничката и културната соработка помеѓу нашите две академии ние постигнавме завидни резултати, резултати вредни за почит.

Првата голема придобивка од оваа соработка се огледа во фактот што академиците и научниците од двете земји меѓусебно се запознаа, вспоставија пријателски односи, со што се овозможи комуникацијата и соработката на научен план и во сферата на уметностите да тече во релаксирана атмосфера и во атмосфера на заемно почитување и разбирање.

Втората голема придобивка се огледа во фактот што дел од резултатите од научните проекти коишто ги работиме заедно ќе бидат публикувани во реномирани меѓународни списанија со што се придонесува за афирмација и на бугарската и на македонската наука.

Третата придобивка се огледа во фактот што од оваа соработка веќе произлегоа иницијативи за заедничка апликација на научниците од двете страни на европски истражувачки проекти - од програмите IPA і Horizont 20/20

Четвртата придобивка се огледа во фактот што академиците и научниците меѓусебе комуницираат со силата на фактите, аргументите, трагајќи по објективната вистина, настојувајќи, при тоа, да се ослободат од идеолошките предрасуди и метафизичките искази, кои со векови се таложеле на просторите на турбулентниот Балкан. Нема сомнение дека низ оваа соработка БАН и МАНУ придонесуваат за зближување на нашите два народа и дека оваа соработка им

дава поттик и на политичарите да ја подобрат меѓусебната комуникација, да работат поупорно и со поголема посветеност на понатамошно подобрување на добрососедските односи помеѓу двете земји и на разрешување на проблемите со почитување на европските стандарди и вредности.

Јас сум сигурен дека нашата соработка ќе се одвива континуирано и во иднина и дека нејзините форми и содржини и понатаму ќе се збогатуваат.

Оваа книга, којашто денес ја промовираме овде во БАН, ќе биде промовирана и кај нас, во МАНУ, во текот на оваа година.

Уште еднаш честитки до раководителите и авторите на прилозите и благодарност до БАН за организацијата на овој прекрасен настан.